# ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), Програмата за заштита на животната средина за 2019 година (,,Службен гласник на општина Битола,, бр.20/18) и Заклучокот од седницата на Комисијата за финансии и буџет од 27.09.2019 година, Општина Битола објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
**за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Битола за купување на клима уреди - инвертери за 2019 година**

### 1. Опис на јавниот повик

1.1. Општина Битола, со цел да ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средствата, за клима уреди - инвертер купени од 30.09.2019 година па до денот на завршување на повикот (09.10.2019 година), се до исцрпување на буџетот наменет за таа намена.

1.2. Средствата што ќе ги надоместува општина Битола се во вредност од 30% од вредноста на клима уредот - инвертер, но не повеќе од 20.000 (дваесет илјади) денари.

1.3. Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола и на огласната табла. Повикот трае од 30.09.2019 година до 09.10.2019 година.

1.4. Услов за учество во јавниот повик е купувачот да нема искористена субвенција за истата намена од било кој извор во Република Северна Македонија.

### 2. Начин на пријавување на јавниот повик

2.1. Право на учество на овој јавен повик имаат жителите на Општина Битола, кои имаат купено клима уреди - инвертер за затоплување на станбениот простор од 30.09.2019 година па до денот на завршување на повикот (09.10.2019 година) и ќе поднесат Образец за барање за искористување на правото за надоместок, а кои се корисници на извор на затоплување од печка на јаглен, дрва, мазут или нафта. На јавниот повик немаат право на учество сопствениците на станбени објекти кои се сеуште во фаза на изградба.

2.2. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети, барателот до општина Битола ги доставува следните документи:

- Пополнет образец за барање, кој содржи и изјава дека барателот нема искористено право на поврат на средства за купување клима уреди - инвертер, на друг јавен повик од било кој извор во Република Северна Македонија. Барањето може да се подигне во архивата на општина Битола или да се обезбеди од интернет страницата на Градот: www.bitola.gov.mk.
- Доказ за жителство во Општина Битола, со доставување фотокопија на личната карта на барателот.
- Копија од трансакциска сметка
- Доказ во оригинал дека е извршено купување на клима уред - инвертер, и тоа со фискална сметка или фактура со уплатница (налог) од деловна банка.

2.3. Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

2.4. Купувачот на клима уредот – инвертер, своето барање за искористување на правото за надоместок на дел од трошоците, заедно со потребната документација, треба да го достави во затворен плик до Општина Битола Ул.„Булевар 1-ви Мај“бр.61, до архивата на општината, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот заклучно со 09.10.2019 година.

2.5. На пликот треба да стои: Јавен повик за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Битола за купување клима уреди - инвертер за 2019 година, како и името и презимето и адресата на барателот.

**3. Начин на спроведување на јавниот повик**

3.1. За доделените средства јавноста ќе биде известена преку јавните гласила. Телото формирано со Одлука на Советот на општина Битола, ќе состави листа на доделени средства за купување на клима уреди - инвертер и истата ќе ја предложи до Градоначалникот.

3.2. Бројот на корисници-лица кои ќе добијат средства е ограничен до висина на определениот износ од Буџетот на општина Битола од 2.500.000,оо (два милиони и петстотини илјади) денари.

3.3. Исплатата ќе се врши по редослед на поднесените барања до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на општина Битола, односно прв дојден прв услужен.

**4. Начин на остварување на правото на надоместок**

4.1. Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе решение за исплата во вредност од 30% од вредноста на клима уредот - инвертер, но не повеќе од 20.000 (дваесет илјади) денари, од средствата предвидени за купување на клима уредот - инвертер, доколку утврди дека се исполнети условите од овој јавен повик.

Бр. 09-136/1
27.09.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Битола
Валентин Груевски